РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1873/3
05-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржано на 02.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1873/1 од 11.05.2021 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1873/1 од 11.05.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 11.05.2021 година, поднесена е пријава против уметнички директор на ------------- и генерален директор при НУ -------- и оформен е предмет број 12-1873/1 од 11.05.2021 година.

Во пријавата подносителот информира дека актуелниот уметнички директор на ----------- при НУ ------------------------------ во соработка со генералниот директор --------------- во моментот на поднесување на пријавата бил во процедура на преземање на бистрото при самата институција. Во продолжение се наведува дека најверојатно истото ќе го направат преку друго лице а ќе биде одлична перална на пари со оглед на тоа што досега кетерингот бил неговата фирма ------------ со адреса во ------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се дадени претпоставки за идно постапување и не се содржани конкретни наводи или незаконитости кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на службени лица, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk